**ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје**

**Извештај за сопствените средства**
**со состојба на ден**
**30 јуни 2023 година и**
**Извештај на независниот ревизор**

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 – 2 |
| Извештај за сопствените средства со состојба на ден 30 јуни 2023 година | 3 – 5 |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложениот Извештај за сопствените средства на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“) со состојба на ден 30 јуни 2023 година. Извештајот за сопствени средства е подготвен од страна на раководството на Друштвото во согласност со Правилникот за сопствените средства на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 245/2021).

*Одговорност на раководството за Извештајот за сопствените средства*

Раководството е одговорно за подготовката и објективното презентирање на Извештајот за сопствените средства во согласност со одредбите од Правилникот за сопствените средства на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, и за такви интерни контроли, кои раководството ги смета за потребни со цел да овозможат подготовка на Извештај за сопствените средства ослободени од значајно погрешни прикажувања, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овој Извештај за сопствените средства врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека Извештајот за сопствените средства не содржи материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во Извештајот за сопствените средства. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на Извештајот за сопствените средства, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на Извештајот за сопствените средства на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на Извештајот за сопствените средства.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, Извештајот за сопствените средства на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје на 30 јуни 2023 година е подготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со Правилникот за сопствените средства на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (продолжение)**

*Сметководствена основа и ограничување на дистрибуирањето*

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание дека Извештајот за сопствените средства е подготвен за да му помогне на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје да ги исполни барањата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Како резултат на наведеното, Извештајот за сопствените средства може да не е релевантен за друга намена. Нашиот Извештај е наменет само за ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и не треба да се дистрибуира на трети страни.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор
Управител

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
29 август 2023 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА**
**Состојба на ден 30 јуни 2023 година**

**Во 000 денари**

| Ред. бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** |
| | **Сопствени средства** | |
| | **Основен капитал** | |
| | **Редовен основен капитал (РОК)** | |
| 1 | Капитални инструменти од РОК и премиите кои се однесуват на овие инструменти | 32,349 |
| 2 | Нераспределена добивка за тековната година | - |
| 3 | Нераспределена добивка од претходните години и резерви од добивките | 62,007 |
| 4 | Независно ревидирана добивка од тековната година без предвидените трошоци или дивиденди | - |
| 5 | Редовен основен капитал (РОК) пред усогласување на вредноста и примена на одбитните ставки (збир од 1 до 4) | 94,356 |
| 6 | Нематеријални средства (негативен износ) | - |
| 7 | Одложени даночни средства кои зависат од идната профитабилност (негативен износ) | - |
| 8 | Ревалоризациски резерви | - |
| 9 | Добивки или загуби по обврски вреднувани по фер вредност настанати како последица на промена на сопствената кредитна способност | - |
| 10 | Директни или индиректни вложувања на ДУИФ во сопствени инструменти од редовниот основен капитал (негативен износ) | - |
| 11 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако тие субјекти имаат реципрочни меѓусебни вложувања со друштвото за управување коишто вештачки ги зголемуваат неговите сопствени средства (негативен износ) | - |
| 12 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвотово нема значајно вложување во тие субјекти (износот над прагот од 10%, без признатите кратки позиции) (негативен износ) | (7,069) |
| 13 | Директни, индиректни или синтетички вложувања во инструменти од редовниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвотово има значајно вложување во тие субјекти (износот над прагот од 10%, без признатите кратки позиции) (негативен износ) | (47,182) |
| 14 | Одложени даночни средства кои произлегуваат од привремени разлики (износот над прагот од 10%, без поврзаните даночни обврски) (негативен износ) | - |
| 15 | Загуба на крајот на годината или тековна загуба (негативен износ) | - |
| 16 | Трошоци за данок коишто можат да се утврдат во моментот на пресметката (негативен износ) | - |
| 17 | Квалификувани одбитоци на додатниот основен капитал кои го преминуваат додатниот основен капитал на друштвото за управување (негативен износ) | - |
| 18 | Вкупни усогласувања на вредноста на редовниот основен капитал (збир на позициите од 6 до 17) | (54,251) |
| **19** | **Редовен основен капитал (збир на позициите 5 и 18)** | **40,105** |

(Продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА**
**Состојба на ден 30 јуни 2023 година**

Во 000 денари

| Ред. бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | **Додатен основен капитал (ДОК)** | |
| 20 | Капитални инструменти кои го сочинуваат делот од додатниот основен капитал и премиите кои се однесуваат на овие инструменти | - |
| 21 | од што: распоредено како капитал врз основа на применливите сметководствени стандарди | - |
| 22 | од што: распоредено како обврски врз основа на применливите сметководствени стандарди | - |
| 23 | Додатен основен капитал пред усогласување на вредноста и примена на одбитните ставки | - |
| 24 | Директни и индиректни вложувања на друштвото за управување во сопствени инструменти на додатнитот основен капитал (негативен износ) | - |
| 25 | Директни, индиректни и синтетички вложувања во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако тие субјекти имаат со друштвото за управување реципрочни меѓусебни вложувања чијашто цел е вештачки да го зголемат капиталот на друштвото за управување (негативен износ) | - |
| 26 | Директни, индиректни и синтетички вложувања во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвото за управување во тие субјекти нема значајно вложување (износот над прагот од 10% без признати кратки позиции) (негативен износ) | - |
| 27 | Директни, индиректни и синтетички вложувања на друштвото за управување во инструменти на додатниот основен капитал на субјекти од финансискиот сектор, ако друштвото за управување во тие субјекти има значајно вложување (без признати кратки позиции) (негативен износ) | - |
| 28 | Квалификувани одбитоци на дополнителниот капитал кои го преминуваат дополнителниот капитал на друштвото за управување (негативен износ) | - |
| 29 | Вкупни усогласувања на вредноста на додатниот основен капитал се внесува збир на позициите од 24 до 28 | - |
| **30** | **Додатен основен капитал - се внесува збирот на позициите од бр.23 и бр.29** | **-** |
| **31** | **Основен капитал - се внесува збирот на позициите од бр. 19 и бр.30** | **40,105** |
| 32 | Инструменти на дополнителниот капитал и премиите кои се однесуваат на овие инструменти | - |
| 33 | Дополнителен капитал пред усогласување на вредноста на дополнителниот капитал и примена на одбитните ставки | - |
| 34 | Директни или индиректни вложувања на друштвото за управување во сопствени инструменти на дополнителниот капитал и субординираните кредити (негативен износ) | - |
| 35 | Вложувања во инструменти на дополнителен капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор кои имаат реципрочни меѓусебни вложувања во друштвото за управување кои се извршени со цел прикажување на поголем износ на капитал (негативен износ) | - |
| 36 | Директни или индиректни вложувања во инструменти на дополнителниот капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор во кои друштвото за управување нема квалификувано учество кое претставува најмалку 10% од капиталот (негативен износ) | - |
| 37 | Директни или индиректни вложувања во инструменти на дополнителен капитал и субординирани кредити на лица од финансискиот сектор во кои друштвото за управување има квалификувано учество кое претставува најмалку 10% од капиталот (негативен износ) | - |
| 38 | Вкупни усогласувања на вредноста на дополнителниот капитал (збир на позициите од 34 до 37) | - |
| **39** | **Вкупен дополнителен капитал (збир на позициите од 33 и 38)** | **-** |

(Продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА**
**Состојба на ден 30 јуни 2023 година**

**Во 000 денари**

| Ред. бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | **Општи трошоци на друштвото за управување од претходната деловна година** | |
| 40 | Вкупни расходи | 82,524 |
| 41 | Удели во добивката и останати варијабилни награди на вработените (негативен износ) | - |
| 42 | Провизии и надоместоци (негативен износ) | (41,085) |
| 43 | Трансакциски трошои (негативен износ) | - |
| 44 | Расходи од невообичаени активности (негативен износ) | - |
| **45** | **Вкупни општи трошоци на друштвото за управување од претходната година (збир на позициите од 40 до 44)** | **41,439** |
| | КАПИТАЛНИ БАРАЊА | |
| I | ВКУПЕН КАПИТАЛ (збир на позициите 31 и 39) | 40,105 |
| II | КАПИТАЛНИ БАРАЊА согласно член 5 став (4) алинеја 2 од Законот за инвестициски фондови - една четвртина од општите фиксни трошоци наведени во билансот на успех за претходната година | 10,360 |
| III | КАПИТАЛНИ БАРАЊА согласно член 5 став (4) алинеја 1 од Законот за инвестициски фондови - износот на почетниот капитал од член 5 став (1) од Законот, односно кога постои обврска за внесување дополнителен капитал, вкупниот износ на основниот и дополнителниот капитал од член 5 став (2) од Законот | 7,704 |
| IV | Вишок (+)/ Недостиг (-) на капитал | 29,745 |
| | **Дополнителни информации** | |
| 46 | Одлуки од Собрание на акционери (изгласана дивиденда за тековната година) | 18,000 |
| 47 | Одлуки од Собрание на акционери (исплатена дивиденда за тековната година) | - |
| 48 | Капитални резерви (премии од издадени капитални инструменти) | - |
| 49 | Резерви од добивката (акумулирана добивка и резерви) | 62,007 |
| 50 | Невклучена добивка од тековната година | 27,498 |
| 51 | Ревалоризациски резерви | - |
| 52 | 0,02% од вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови со кои управува друштвото за управување чија вкупна вредност е поголема од 250 милиони евра во денарска противвредност | - |

Одобрено на 29 август 2023 година од:

Петар Андреевски
Извршен член на Одбор на директори